# ЉУДМИЛА ЕВГЕЊЕВНА ЖОГОЉ



# LJUDMILA EVGENJEVNA ZOGOLJ

ЉУДМИЛА ЕВГЕЊЕВНА **ЖОГОЉ**



LJUDMILA EVGENJEVNA **ZOGOLJ**

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ
MUSEUM OF THE CITY OF SKOPJE

# ЉУДМИЛА ЕВГЕЊЕВНА **ЖОГОЉ**

# LJUDMILA EVGENJEVNA **ZOGOLJ**



ЈУЛИ 2000 • JULY 2000

Според програмата на Музејот на град Скопје за соработка со сродни институции во земјата и надвор од неа, воспоставени се и успешно се реализираат културните врски со Украина.

За последните осум години континуирано се одвиваат контактите помеѓу Музејот на град Скопје со киевскиот Музеј на Иван Гончар, Државниот музеј на применетата уметност, Центарот за реставрација и експертиза на Сојузот на музеите при Киевско - печерскиот државен историско - културен национален парк и други институции.

Во таа смисла, Музејот на град Скопје презентира една несекојдневна колекција на таписерии - гоблени, творештво и вештина на заслужениот уметник од Украина - Људмила Жогољ, со што имаме ретка можност македонската јавност да се запознае со традиционалната ткаечка вештина на таписерии во Украина.

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ
Д и р е к т о р,
М-р Ѓорги Чулаковски

Within to the program of the Museum of the City of Skopje for cooperation with similar institutes here and abroad, the cultural relations with Ukraine are successfully maintained and improved.

In the course of the past eight years the Museum of the City of Skopje has been continually maintaining the contacts with the Kiev Museum Ivan Goncar, The State Museum for Applied Arts, The Center for Restoration and Expertise, with the Association of the Museums of the Kiev-Pecer State Historical-Cultural National Park and other institutes.

Therefore, the Museum of the City of Skopje presents an unusual collection of tapestries - gobelins, products of the skills of the meritorious artist of Ukraine - Ljudmila Zogolj, offering the Macedonian public the extraordinary opportunity to see the traditional skills of carpet weaving.

MUSEUM OF THE CITY OF SKOPJE
Director,
Gjorgji Culakovski B. A.

Ноќта према Иванден, според народната украинска легенда, цути папрат. Неговиот цвет, како жарче, се отвора пред очите на тој кој ќе го најде, осветлувајќи сѐ наоколу себе . Тоа цвеќе им носи среќа на оние, што ќе го најдат во природата и ќе се измијат рано в зори со иванденската света роса.

Ткаејќи го цветот на папратот во едната од своите таписерии-гоблени, Људмила Жогољ го подарува со таа среќа на сите луѓе што го гледаат. Среќа! Тоа е нејзината порака на светот низ генерациите!



An Ukrainian folk legend says that in the Midsummer Night (the night before St. John's Day - June 24th) the fern blooms. Its flower opens like a coal before the eyes of the finder, illuminating everything around it. This flower brings happiness to the ones who find it and wash early in the morning with the Midsummer holy dew.

Weaving the flower of the fern into one of her tapestries - gobelins, Ljudmila Zogolj offers that happiness to the ones that can see it. Happiness! It is her message to the world through generations!

## БИОГРАФИЈА

Људмила Евгењевна Жогољ е познат и признат уметник по текстил, поточно по изработка на тематскиот килим, во Украина и надвор од неа. Таа е родена на 23 мај 1930 година во Киев, главен град на оваа словенска земја, каде активно работи и твори.

Своето образование таа го стекнала во Киевскиот Државен Институт на Уметностите, а потоа го продолжила префрлувајќи се во Лавов, на факултетот за Применета уметност.

По завршување на факултетот, Људмила Жогољ се запишува на магистерски студии при Академија на градежништво и архитектура и ги завршува со звање Магистар по историја на уметност.

За нејзиното творештво и несебичност во работата, во 1974 година, Људмила Жогољ се здобива со звањето Заслужен уметник на Украина. Таа е една од првите уметници, која што ја воведе таписеријата-гоблен во ентериерот на јавните згради.

Денес Људмила Евгењевна Жогољ е дописен член на Академијата на архитектура на Украина, автор на пет објавени книги, албуми и повеќе од педесет статии по прашањата поврзани со развој на применетата уметност.

Нејзините дела се наоѓаат во музеите ширум Украина и пошироко, а се здобила со високи награди и признанија.

Во 1978 год. таа беше наградена со дипломите на Академија на народната уметност на СССР и Сојузот на уметниците на СССР за комплетно решение за изработка на уметничкиот текстил за ентериерот на хотелот ”Киев” во градот Киев.

Људмила Евгењевна Жогољ има остварено многубројни значајни изложби во Италија, Франција, Португалија, Швајцарија, Данска, Канада, Грција, САД, Германија, Полска и други земји.

## BIOGRAPHY

Ljudmila Evgenjevna Zogolj is a renown and acknowledged artist in textile, more precisely in making the thematic carpets, in Ukraine and abroad. She was born on May 23rd 1930 in Kiev, the capital of this Slavic country, where she still lives and works.

She studied at the Kiev State Institute of Arts, and continued her education in Lvov, at the Faculty of Applied Arts.

After graduating from the Faculty Ljudmila Zogolj entered the post graduate studies at the Academy of Construction and Architecture where she acquired a B. A. degree in Art History.

In 1974 Ljudmila Zogolj was pronounced a Meritorious Artist of Ukraine for her artistic achievements and extraordinary efforts. She was one of the first artist to introduce the tapestry - gobelin in the interiors of public buildings.

Today she is a corresponding member of the Academy of Architecture of Ukraine, author of five books, albums and more than fifty articles considering the development of the applied arts.

Her works are exhibited in the museums all over Ukraine; she has received many respectable awards and recognition.

In 1978 she was awarded the diploma of the Academy of Folk Arts of USSR and the Association of the Artists of USSR for the design of the artistic textile in the interior of the hotel ”Kiev” in Kiev.

Ljudmila Evgenjevna Zogolj had many exhibitions in Italy, France, Portugal, Switzerland, Denmark, Canada, Greece, USA, Germany, Poland and in other countries.

## АВТОРСКИ ИЗЛОЖБИ НА ЉУДМИЛА ЖОГОЉ

1. Ереван, 1978
2. Одеса, 1980
3. Киев, 1980
4. Лавов, 1983
5. Днепропетровск, 1983
6. Баку, 1987
7. Минск, 1988
8. Николаев, 1988
9. Измаил, 1988
10. Запорожје, 1988
11. Киев, 1988
12. Трнопољ, 1989
13. Киев, 1991
14. Киев, 1994
15. Киев, 1995
16. Дубаи, 1995
17. Атина, 1996
18. Киев, 1997
19. Киев, 1998
20. Киев, 1999
21. Киев, 2000
22. Скопје, 2000

## SOLO EXHIBITIONS OF LJUDMILA ZOGOLJ

1. Erevan, 1978
2. Odessa, 1980
3. Kiev, 1980
4. Lvov, 1983
5. Dnepropetrovsk, 1983
6. Baku, 1987
7. Minsk, 1988
8. Nikolaev, 1988
9. Izmail, 1988
10. Zaporozje, 1988
11. Kiev, 1988
12. Trnopole, 1989
13. Kiev, 1991
14. Kiev, 1994
15. Kiev, 1995
16. Dubai, 1995
17. Athens, 1996
18. Kiev, 1998
19. Kiev, 1999
21. Kiev, 2000
22. Skopje, 2000



31



32



24




35



34




33




30

Од богатата ризница на народната уметност на Украина Људмила Евгењевна Жогољ го црпи своето уметничко творештво. Таа ги проширува техничките можности на современите тапisерии, применувајќи ги народните техники на килимарството.

Народната уметност во Украина денес ќе беше посиромашна, доколку го немаше огромниот придонес на Људмила Евгењевна Жогољ со своите дела, наречени гоблени. Овој назив е застапен во тематското килимарство уште од XIX век. Тој го води своето потекло од една париска фамилија Гоблен, која во XVI век ги изработува со везење или ткаење на разновидни мотиви. Терминот гоблен се користи и денес во украинското тематско килимарство, користено во текот на XX век во декорирањето на јавните згради. Кај нас поимот гоблен во основа се однесува кон везените врамени слики во разни димензии или т.н.р. кавијори, кои што биле дел од градската текстилна покуќнина во Скопје пред и по Втората светска војна. Људмила Жогољ во својата творечка ткајачка вештина ги користи природните конци од растително (коноп, јута), животинско (свила, волна), минерално (метал, сребро и други) потекло, конпонирајќи ги според својата уметничка визија и сензибилитет.

Изработени на ваков начин тематските килими служеле во XVI и XVII век во Фландрија и Франција како украсни ткаеници за ѕид и под.

Според овие сознанија, килимарските изработки на Људмила Жогољ се однесуваат повеќе кон тапisериите. За да го предочам значењето и критериумот за овие два називи на тематските килими во Украина и кај нас, ќе си дадам слобода да ги наречам тапisерии-гоблени.

... Трагајќи по идниот облик на своите дела, таа активно соработува со архитектите. Во услови на современото гра-

Ljudmila Zogolj's works are inspired by the inexhaustible treasury of the folk art of Ukraine. She improves the technical possibilities of the contemporary tapestries applying the folk techniques in carpet weaving.

The folk art in Ukraine would have been poorer if it was not for the extraordinary contribution of Ljudmila Evgenjevna Zogolj with her works called gobelins. This term originates from the French family Gobelin who in the 16th century made tapestries applying embroidering or waving of various motifs. This word today refers to the Ukrainian thematic carpet making, applied in the 20th century for decorating public buildings. In our country the notion gobelin mainly refers to embroidered framed pictures in different sizes or the "kavjor" tapestries used for decorating the urban households in Skopje before and after the Second World War. Ljudmila Zogolj shows her creative weaving skills by using natural threads of floral (hemp, jute), animal (silk, wool), mineral (metal, silver and others) origin and by composing them within her artistic vision and sensibility.
These thematic carpets were used in the 16th and 17th century in Flanders and France as wall and floor decorations.

Considering these facts, the carpets produced by Ljudmila Zogolj rather refer to tapestries. In order to point out the importance and the criterion for naming the thematic carpets of Ukraine, I felt free to call them tapestries - gobelins.

...In search for the future form of her works she actively cooperates with the architects. In the circumstances of the contemporary architecture, the tapestries - gobelins of Ljudmila Zogolj are not only a decoration or an artistic emphasis in the general design of the interior; they are also a compositional center that pictorially transposes the essential idea of space, that is, it creates its artistic -esthetic environment... Her tapestries - gobelins are inspired by life, by the fertility of the soil - flowers, fruits, birds, that

дителство таписериите-гоблени на Људмила Жогољ претставуваат не само украс или уметнички нагласок во општото обликување на ентериерот, туку, пред сè, тие се јавуваат како композиционен центар, кој што сликовно ја пренесува основната идеја на просторот, односно ја формира неговата уметничка-естетска средина...

Нејзините таписерии-гоблени се инспирирани од животот, од плодноста на земјата-цвеќињата, плодовите, птиците, кои што се преплетуваат помеѓу себе во фантастични орнаменти. Таа го чувствува светот што ја опкружува и со сета сила на својата богата творечка фантазија ја пренесува на посетителот како сосема нов-невиден до сега, мир од сказните.

Авторката многу ги сака цвеќињата и нив можеме да ги забележиме на сите нејзини таписерии-гоблени, каде таа внесува одредено емоционално и естетско значење. Тие го зачудуваат посетителот со своето неповторливо оригинално решение, истенчено чувство на колоритот, длабоко душевно расположение.

На делата на Људмила Жогољ врз зелената боја на младата трева сјаат пролетни цвеќиња во јаки бои, црвената ја симболизира вечната борба за слобода, жолтата-дарежливоста, богатството и плодноста на родната земја. Во нејзините таписерии-гоблени вткаени се сите четири годишни времиња со колористични спектри во сите нијанси на боите на пролетта, летото, есента и зимата кои имаат своја посебна убавина, весела разиграност на сликарската палета, лиризмот кој провејува како и уметничката изразитост, а при тоа помогнати со неисцрпната фантазија во орнаменталната композиција, каде бујните цвеќиња се преплетуваат во извонредни шари-изобилство на ткаечки мотиви.

За подлабоко да ја открие внатрешната содржина на своите дела и

permeate in fantastic ornaments. She feels the world around her and with the power of her marvelous creative fantasy transposes it to the visitor as an entirely new, unseen peace of the tales.

The artist's love for flowers is shown in all her tapestries - gobelins enriched by particular emotional and esthetic meaning. They astonish the visitor with their irrepeatable original solution, with the refined feeling for the colors and the profound spiritual mood.
In the works of Ljudmila Zogolj the green of the young grass serves as the background for the spring flowers that glow in intensive colors, where the red symbolizes the eternal fight for freedom and the yellow the generosity, the plenty and the fertility of the homeland. Her tapestries contain all the four seasons, woven with the coloristic spectrum in all the nuances of spring, summer, autumn and winter, each of them possessing special beauty, the gay exhilaration of the painter's palette, the lyrism and the artistic expressiveness, supported by exhaustless fantasy in the ornamental composition where the flowers turn into extraordinary patterns - an abundance of waving motifs.

In order to discover the inside of her works and their determination the artist enriches the essence applying thin and thick textile threads, thus achieving the game of light effects. That is how her tapestries - gobelins acquire plasticity. They are woven as a latticed interlacing of thin and thick twisted threads. This creates the effect of a varied surface showing the light and the shadow, their rhythm, transposing the pulse of the nature.

Due to the composing and the application of traditional woolen, hemp and silk threads, from thin to thick and twisted, as well as the jute threads, the tapestry - gobelin acquires a relief surface.

Ljudmila Evgenjevna Zogolj makes all her works together with the folk artists of Resetilovka, a famous traditional center of the

нивната насоченост, авторката ја збогатува суштината со примена на тенки и дебели текстилни конци, со што постигнува игра на светлосни ефекти.

Токму затоа, нејзините таписерии - гоблени добиваат пластичност. Во нив се вткаени набиени и решеткасти преплетувања на тенките и дебелите уврткани конци. Сето тоа создава разновидна површина прикажувајќи ја светлината и сенката, нивниот ритам пренесувајќи го пулсот на природата.

Благодарејќи на компонирањето и употребата на традиционалните волнени, конопнени, свилени конци од тенки до сукани дебели, како и конци од јута, таписеријата-гоблен добива рељефен изглед.

Сите свои дела Људмила Евгењевна Жогољ ги изготвува и материјализира заедно со народните уметници од Решетиловка, познат традиционален центар на украинското килимарство. Тука, на Полтавските простори, се родил познатиот писател Николај Васиљевич Гогољ. Импресиониран од врвното творештво на украинските ткајачи, тој пишувал дека...Нивните цвеќиња наликуваат на птици, а птиците на цвеќиња...

Делата на Људмила Евгењевна Жогољ претставуваат расказ за убавината на Украинската земја, нејзината дарежливост и богатство, љубов на авторката кон нејзината Татковина.

Таписериите-гоблени на Људмила Евгењевна Жогољ се лирски монолози, исповед на една богата и искрена уметничка душа.

Тие се Ода на нејзината родна земја, Ода на љубовта, Ода на среќата.

*Алла Качева*

Ukrainian carpet making. There, in the Poltava region, the famous writer Nikolaj Vasilevic Gogojl was born. Impressed by the extraordinary creations of the Ukrainian weavers he wrote that... Their flowers resemble birds, and the birds resemble flowers... The works of Ljudmila Evgenjevna Zogolj are a tale of the beauties of the Ukrainian country, its generosity and wealth, the love of the artists for her country.

The tapestries - gobelins of Ljudmila Evgenjevna Zogolj are lyric monologues, a confession of a rich and sincere artistic soul.
They are an Ode to her homeland, Ode to love, Ode to happiness.

*Alla Kacheva*

## КАТАЛОГ

1. ”Сончоглед”, 2000, волна, 120 x 140
2. ”Злато на киевските ридови”, 2000, волна, 210 x 240
3. ”Цвеќиња на Киевштина”, 2000, волна, 120 x 140
4. ”Есенските цвеќиња на белото”, 1999, волна, 90 x 90
5. ”Божури”, 1999, волна, 90 x 90
6. ”Физалис”, 1999, волна, 60 x 80
7. ”Флокс”, 1998, волна, 90 x 90
8. ”Моето цвеќе корав”, 1998, волна
9. ”Во земјата на дождот”, 1998, волна, 100 x 100
10. ”Флокс”, 1998, волна, 70 x 90
11. ”Есенскиот букет”, 1998 волна, 60 x 80
12. ”Жолти рози”, 1998, волна
13. ”Ирисите во овоштарникот”, 1998, волна, 100 x 100
14. ”Посвета на Катерина Билокур”, 1998, волна, 150 x 220
15. ”Август на Роза”, 1997, волна, 110 x 190
16. Цвеќиња на Полтавштина”, волна, 120 x 130
17. ”Венецот на есента”, 1997 волна, 100 x 100
18. ”Цветење”, 1997, волна, 80 x 120
19. ”Јаболкница на Спасовден”, 1996, волна, 120 x 165
20. ”Дуљфиниум”, 1993, волна, 80 x 100
21. ”Коријал”, 1996, волна, 100 x 100
22. ”Ириси на белиот фон”, 1993, волна, 80 x 100
23. ”Зима”, 1994, волна, 200 x 300
24. ”Пролетните треви”, 1978, волна, 160 x 220
25. ”Тополи”, 1973, волна, 140 x 200
26. ”Знакови на Зодијакот”, 1973, волна, 140 x 200
27. ”Рјабина”, 1993, волна, 120 x 160
28. ”Езеро”, 1983, волна, 135 x 180
29.” Простори на татковината”, 1982, волна, 420 x 360
30. ”Златна нива”, 1984, волна, свила, 200 x 200
31. ”Езеро во шумата”, 1983, волна, метален конец, 110 x 180
32. ”Цвет на папратот”, волна, 270x210
33. ”Ползавец”, 1977, волна свила, 140 x 140
34. ”Свеченост”, 1982, волна, 200 x 200
35. ”Зимскиот Киев”, 1982, волна, свила, 550 x 300

1. "Sunflower", 2000, wool, 120 x 140 cm
2. "Gold on the Kiev Hills", 2000, wool, 210 x 240 cm
3. "The Flowers of Kiev", 2000, wool, 120 x 140 cm
4. "Autumn Flowers of the White", 1999, wool, 90 x 90 cm
5. "Peonies", 1999, wool, 90 x 90 cm
6. "Fizalis", 1999, wool, 60 x 80 cm.
7. "Flocks", 1999, wool, 90 x 90 cm
8. "My Flower", 1998, wool
9. "In the Land of the Rain", 1998, wool, 100 x 100 cm
10. "Flocks", 1998, wool, 70 x 90 cm
11. "Autumn Bouquet", 1998, wool, 60 x 80 cm
12. "Yellow Roses", 1998, wool
13. "Irises in the Orchard", 1998, wool, 100 x 100 cm
14. "Dedicated to Katerina Bilokur", 1998, wool, 150 x 220 cm
15. "August to Rose", 1997, wool, 110 x 190 cm
16. "The Flowers of Poltava", wool, 120 x 130 cm
17. "The Wreath of Autumn", 1997, wool, 100 x 100 cm
18. "Blooming", 1997, wool, 80 x 120 cm
19. "Apple Tree on Savior's Day", 1996, wool, 120 x 165 cm
20. "Duljfinium", 1993, wool, 80 x 100 cm
21. "Korial", 1996, wool, 100 x 100
22. "Irises on White Background", 1993, wool, 80 x 100 cm
23. "Winter", 1994, wool, 200 x 300 cm
24. "Spring Grass", 1978, wool, 160 x 220 cm
25. "Poplars", 1973, wool, 140 x 200 cm
26. "Signs of the Zodiac", 1973, wool, 140 x 200 cm
27. "Rjabina", 1993, wool, 120 x 160 cm
28. "Lake", 1983, wool, 135 x 180 cm
29. "Rooms of the Fatherland", 1982, wool, 420 x 360 cm
30. "Golden Field", 1984, wool, silk, 200 x 200 cm
31. "Lake in the Woods", 1983, wool, metal thread, 110 x 180 cm
32. "Flower of the Fern", wool, 270 x 210 cm
33. "Reptile", 1977, wool, silk, 140 x 140 cm
34. "Celebration", 1982, wool, 200 x 200
35. "Winter Kiev", 1982, wool, silk, 550 x 300 cm

МУЗЕЈ
НА ГРАД СКОПЈЕ
MUSEUM
OF THE CITY OF SKOPJE

ИЗДАВАЧ
МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
М-р Ѓорги Чулаковски

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИЗЛОЖБАТА
Алла Качева, виш кустос етнолог

СОРАБОТНИЦИ
Славица Христова, Татјана Петровска,
Сања Луевска - кустоси по етнологија

ПРЕВОД НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК
Маја Хаџимитрова Иванова

ДИЗАЈН НА КАТАЛОГ
Дора Андова, виш кустос историчар на уметност

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИЗЛОЖБАТА
Стручно - техничка екипа на Музејот на град Скопје

СКЕНИРАЊЕ И ФОТОЛИТИ
ТОТЕМ д.с.

ПЕЧАТИ
МАРИНГ

Изложбата и каталогот
се реализирани со помош на
Министерството за култура на Република Македонија

PUBLISHER
MUSEUM OF THE CITY OF SKOPJE

EDITOR IN CHIEF
Gjorgji Culakovski, B.A

PROMOTER OF THE EXHIBITION
Alla Kacheva, senior curator ethnologist

ASSISTANTS
Slavica Hristova, Tatjana Petrovska,
Sanja Luevska - curators ethnologists

TRANSLATION IN ENGLISH LANGUAGE
Maja Hadzimitrova Ivanova

DESIGN
Dora Andova, senior curator, art historian

CONTRIVER OF THE EXHIBITION
The experts' team of the Museum of the City of Skopje

PREPRESS
TOTEM d.s.

PRINTED BY
MARING

The exhibition and the publishing
of the catalogue are supported by the
Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ



MUSEUM OF THE CITY OF SKOPJE